РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 08-286/13
16-11-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 77-та седница одржана на 14.11.2022 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ------------------------, претседател на Основен суд -------------- СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-1309/1 од 22.02.2020 година.

Предметот со број 08-1309/1 од 22.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-1309/1 од 22.02.2020 година е оформен по сопствена иницијатива, а врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2020 година.

ДКСК, од именуваното лице побара податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Од страна на именуваното беа доставени бараните податоци.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на -------------------- и членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК исто така побара информација од Судскиот Совет за тоа кога ----------------- му престанала функцијата претседател на Основен суд -------------, за што од страна на Судскиот Совет доставено е известување дека функцијата му престанала на 02.03.2020 година.

ДКСК утврди дека именуваниот нема поднесено анкетен лист за престанок на функцијата претседател на Основен суд --------------.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог со утврден износ на глоба. Од страна на именуваното лице не е постапено по издадениот прекршочен платен налог, по што ДКСК издаде барање за

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија при ДКСК. Од страна на Прекршочната комисија донесено е РЕШЕНИЕ дека именуваното лице е ОДГОВОРНО и изречена е ГЛОБА од 18.450,00 денари.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**